**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр.** 02-595/1
29-01. **2014 година**
**Скопје**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 152 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13 и бр.13/14) и Заклучокот на Агенцијата, бр.02-520/3 од 29.01.2014 година, на 05-та седница одржана на 29.01.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката,**
**бр.02-5126/1 од 25.12.2013 година**

1. Се менува Одлуката на Советот за радиодифузија, бр.02-5126/1 од 25.12.2013 година, така што во точката 1, во став 1, зборовите: “30 јуни 2014 година„ се заменуваат со зборовите: “30 јуни 2015 година„.

Измената од точка 1, став 1 од оваа Одлука, соодветно се врши и во образложението на Одлуката на Советот за радиодифузија, бр.02-5126/1 од 25.12.2013 година.

2. Во останатите делови, Одлуката на Советот за радиодифузија, бр.02-5126/1 од 25.12.2013 година, останува неизменета.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

Со Одлука, бр.02-5126/1 од 25.12.2013 година, Советот го задолжи работникот Арѓент Џелили, како корисник на средства за постдипломски студии, исплатени од страна на Советот, како давател на средствата, најдоцна до 30-ти јуни 2014 година, да ги заврши постдипломските студии, односно во спротивно на Советот да му ги врати исплатените средства со камата согласно позитивните законски прописи.

На 27-ми декември 2013 година, именуваниот поднесе Приговор/Барање до Советот, да го пролонгира рокот за завршување на постдипломските студии. Во него, меѓу останатото наведува дека согласно Правилникот за вториот циклус на студии на Факултетот на Југоисточна Европа[1], прв нареден датум во кој тој може да изврши уплата на III-от (последен) семестар и да го полага последниот испит од постдипломските студии е 31-март 2014 година, поради што Арѓент Џелили напоменува дека тој објективно неможе да го запази рокот согласно Одлуката (30 јуни 2014 година), во кој рок е задолжен да ги заврши постдипломските студии, вклучително со завршување на IV семестар односно со одбраната магистерскиот труд. Како причина за тоа работникот ја наведува сложеноста на темата на магистерскиот труд, поради што за период од 3 месеци (од датумот во кој може да го пријави и полага последниот испит – 31 март 2014 до датумот

[1] Достапен на: http://www.seeu.edu.mk/mk/about/important-documents

во кој е задолжен да го одбрани на магистерскиот труд согласно Одлуката – 30 јуни 2014), објективно не е во можност да ја реализира нејзината подготовка и одбрана.

Покрај краткиот временски период и сложеноста на темата, Џелили како дополнителна причина поради која бара пролонгирање на рокот, ги наведе и финансиските причини односно начинот на финансирање на преостанатиот дел од студиите – финансирање од приватни средства на работникот.

Имајќи го предвид наведеното, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, која согласно член 152 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, ги презема средствата, правата, обврските, архивата и вработените во Стручната служба на Советот за радиодифузија, одлучи рокот во кој работникот Арѓент Џелили е задожен да ги заврши постдипломските студии – 30 јуни 2014 година, да го измени и рокот да се утврди најдоцна до 30 јуни 2015 година.

Следствено на понапред наведеното, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 152 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 и 13/14) и Заклучокот на Агенцијата, бр.02-520/3 од 29.01.2014 година, на 05-та седница одржана на 29.01.2014 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелно медиумски услуги**
**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против оваа одлука дозволен е приговор до Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски сервиси, во рок од 8 (осум) дена од денот на врачувањето на одлуката. Приговорот не го одлага извршувањето на одлуката.

**Доставено до:**
- Раководителот на Стручната служба;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за економско - финансиски работи;
- Секретаријатот на Агенцијата - архива;
- Именуваниот.